**Известување за концентрација со која АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје ќе стекне контрола над Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје (предмет бр. 08-106/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.06.2026 година, а дополнето на 02.07.2026 година и на 06.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 40-8, Скопје ќе стекне контрола над Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Милан Мијалковиќ бр. 54, Скопје,по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје** е новооснованo трговско друштво основано со цел спроведување на трансакцијата и истото сè уште не остварува никакви деловни активности ниту приходи по било кој основ.

Основач и единствен содружник на АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје е АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД, Србија кое работи во областа на медиуми, новинарство и дигитално издаваштво, произведување и дистрибуција на информативни и новинарски содржини за поширокатa јавност. АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД е познато на регионалниот пазар како издавач на дневниот весник Alo! и на онлајн информативниот портал Alo.rs, кои покриваат различни теми, тргнувајќи од актуелни настани, политика, бизнис, забава, спорт и животен стил.Основните активности на друштвото вклучуваат креирање содржини, издавање весници, управување со дигитални медиуми и мултимедијална продукција. Преку своите печатени и онлајн канали, АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД подготвува вести, интервјуа, аналитички текстови, репортажи и видео содржини. Покрај новинарството и издаваштвото, АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД остварува приходи од рекламирање, комерцијални партнерства, спонзорирани содржини и други медиумски услуги.

**Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје** ги остварува своите деловни активности во медиумската индустрија, и тоа телевизиско емитување на територијата на Република Северна Македонија. Неговата област на работење ги опфаќа продукцијата, набавката, планирањето и емитувањето на телевизиска програма наменета за информирање, едукација и забава на гледачите од различни целни групи. Неговите активности вклучуваат создавање и емитување разновидни програми, како што се информативни и актуелни содржини, културни и образовни емисии, забавни програми, документарни содржини,

спортски емисии и покривање на специјални настани. Покрај продукцијата на содржини, истото се занимава и со продажба на рекламен простор, спонзорства, промотивни активности и соработка со јавни институции, компании, културни организации и независни продуценти.

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација може да се дефинира пазарот на медиумски услуги, особено емитување на телевизиски програми и дистрибуција на видеосодржина на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.07.2026 година
Скопје